## 16. Предметни програми (Прилог бр. 5)

## ОПИС НА НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИТЕ

- Предметити се избираат електронски преку iKnow системот и во студентски прашања со пополнување на изјава за избор на предмети

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Управно процесно право** | | | |
| 2. | **Код** | 5080201 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Административно право и јавна администрација | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/VII семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | Проф.д-р Борче Давитковски<br>Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Стекнати 240 кредити | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Студентите треба да се оспособат за:<br>1. Правилна употреба (читање и толкување) на законските норми со кои се уредени сите прашања околу водењето на општата управна постапка (за сите профили на правници);<br>2. Водење на испитна постапка (за службеници во државна и јавна администрација кои решаваат управни предмети);<br>3. Изработка на решенија донесени во првостепена и второстепена управна постапка (за службеници во државна и јавна администрација кои решаваат управни предмети);<br>4. Изработка на жалби и приговори (за адвокати);<br>5. Разликување на видови акти на управата (за сите профили на правници<br>6. Разликување на кончено, правосилно и извршно решение (за сите профили на правници | | | | |

| 11. | Содржина на предметната програма: |
|---|---|
| | Предметната програма ја опфаќа проблематиката на управната постапка, односно во целост ги проучува одредбите од Законот за општата управна постапка како системски пропис (*lex generalis*) кој ги поставува постулатите за работата за постапување на сите јавни органи во Република Македонија (министерствата, органите на државната управа, управните организации утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон ѝм е доверено да вршат јавни овластувања како и органите на општините, градот Скопје и општините во Градот Скопје) кога во вршењето на своите законски надлежности постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи.<br>Тоа, всушност, значи дека најнапред ќе бидат расветлени напоменатите поими – јавен орган, управни работи, управни дејствија, односно ќе биде определен поимот на управната постапка опфаќајќи го, меѓу другото, и поимот и досегот на Законот за општата управна постапка.<br>По воведните напомени курсот ќе посвети внимание на начелата на управната постапка, имено:<br>- начелото на законитост;<br>- начелото на пропорционалност;<br>- начелото на економичност и ефикасност на постапката;<br>- начелото на еднаквост, непристрасност и објективност;<br>- начелото на сервисна ориентација на јавните органи;<br>- начелото на утврдување на материјалната вистина;<br>- начелото на сослушување на странките;<br>- начелото на слободна оцена на доказите;<br>- начелото на делегирање на надлежноста за решавање;<br>- начелото на правна заштита.<br>Следат правилата за надлежност во постапката (стварна и месна надлежност, ограничување на месната надлежност, задолжителност на правилата за надлежност, надлежноста за итни работи како и судирот на надлежности) на кои интегрално се надоврзуваат правилата за странките и нивното застапување, комуникацијата меѓу странките и јавните органи, роковите и текот на постапката.<br>Последното споменато прашање ја опфаќа првостепената постапка – поведување на постапка, почеток на постапка, изменување, дополнување или откажување на барање, порамнувања, утврдување на фактите и докажување, изведување на докази, сведочење, увид и така натаму до донесувањето на решението како конкретен управен акт. Веднаш потоа се обработува и жалбата како правен лек, односно второстепената управна постапка по што се врши осврт и на вонредните правни средства.<br>Како посебен тип на управна постапка која по својата природа претставува заокружена целина, ќе се проучува и прекршочната постапка која се води пред прекршочните органи (јавните органи кои согласно со закон смеат да водат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | постапка по сторен прекршок и да изрекуваат глоби). | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби со предметен наставник и соработник.Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла.<br>На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | За 15 недели -Теоретски предавања 75 часа, проектни задачи 25 часа и домашно учење 100 часа | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 часа вкупно/5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 часа вкупно/ 1,7 часа неделно |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 часа вкупно/ 6,7 часа неделно |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 80 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Успешно завршена проектна задача оценета со минимум 11 бода | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска - Данева | Административно право | Правен факултет, Скопје | 2011 |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Новини во управно-правната заштита на правата на граѓаните во управната постапка и управниот спор | Здружение на правници на Република Македонија, часопис за теорија и практика на | 2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | правото „Деловно право“ бр. 19 (2008) | |
| | 2. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva | The Novelties in the Macedonian Law on General Administrative Procedure | Facta Universitatis, Law and Politics, Vol. 6 no. 1 | 2008 |
| | 3. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Реформа на управно-процесната заштита на правата на граѓаните во Република Македонија | Правен факултет „Јустинијан Први“, Зборник на трудови од Втор скопско-загрепски правен колоквиум | 2009 |
| | 4. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva | Realizing the Rights of Citizens through the Administrative Procedure and Administrative Dispute in the Republic of Macedonia | Hrvatska Javna Uprava no. 1, Institute for Public Administration, Faculty of Law, University of Zagreb | 2009 |
| | 5. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Реактуелизирање на одделни прашања поврзани со постапката за решавање управни работи | Правен факултет „Јустинијан Први“, Зборник во чест на Томислав Чокревски | 2010 |
| | 6. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Правна сигурност грађана у управном поступку | Правни факултет Универзитета у Београду, Зборник радова | 2014 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | „Правна сигурност у условима транзиције“ | |
| | 7. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, Ивана Шумановска-Спасовска, Драган Гоцевски | Кодифицирана европска управна постапка – утопија или реалност | Европско право, бр. 1/2014. год. 3, том 4 | 2014 |
| | 8. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, Елена Давитковска | Нов Закон за општата управна постапка во Република Македонија: од првична идеја до краен исход | Правен факултет „Јустинијан Први“, Зборник во чест на Симеон Хелевски | 2014 |
| | 9. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, Елена Давитковска | Спецификите на Законот за општата управна постапка од 2015 година прикажани низ одредби кои претставуваат новина за македонското управно право | Здружение на правници на Република Македонија, часопис за теорија и практика на правото „Деловно право“ бр. 34 (201) | 2016 |
| | 10. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Значењето на законите за општата управна постапка во Европско-континенталниот правен систем и во регионов како дел од тој систем | Правен факултет „Јустинијан Први“, Зборник од Меѓународна конференција „Искуства од примената на новите закони за општа | 2017 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | управна постапка во земјите од регионот“ | |
| | 11. | Borce Davitkovski, Ana Pavlovska Daneva, Ivana Shumanovska Spasovska | Zakon o općem upravnom postupku – osnova za promene u zakonu o upravnim sporovima | Udruženje pravnika Srbije, Pravni zivot, Casopis za pravnu teoriju I praksu br. 12/2017 | 2017 |
| | 12. | Ana Pavlovska Daneva, Elena Davitkovska | The Macedonian General Administrative Procedure Act: Between Tradition and Modernization | Hrvatska javna uprava vol. 2 year 17, Institute for Public Administration, Faculty of Law, University of Zagreb | 2017 |
| | 13. | | Закон за општата управна постапка | Службен весник на Република Македонија | бр.145/2015 |
| | 14. | | Закон за прекршоците | Службен весник на Република Македонија | бр.145/2015 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Управно судство** | | | |
| 2. | **Код** | 5080203 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Административно право и јавна администрација | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/VII | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |